


***Штом централните сили биле истерани од грчките територии, грчката влада, со усвојување на ЗАКОНОТ 1051, инаугурирала нова административна јурисдикција да управува со новостекнатите земјишта во Македонија.***

Кога започнало да станува јасно дека силите на Антантата ќе ја добијат војната, охрабрени од принципите на Вудроу Вилсон за националност, многу македонски лоби групи ги положиле своите надежи во Мировната конференција во Версај. Четиринаесетте принципи на Вилсон за националност имплицитно го потврдувале правото на сите народи на самоопределување.

Во своето обраќање на Панславенското собрание во Одеса, во август 1914 година, Крсте Мисирков барал постигнување автономија со дипломатски средства. Еден напис бил напишан и испратен во многу места како циркуларно писмо, во мај 1915 година, во кое конкретно се третирал повикот за автономност.

Студентската организација “Независно друштво” /Independent Society/ во Женева,

Швајцарија, под слоганот “Македонија на Македонците”, побарала примена на Вилсоновите принципи за да се формира една автономна Македонија врз основа на принципите на швајцарскиот федеративен модел

Оние што останале од ВМРО, исто така, презеле дејство на митигот за автономна Македонија. Откако Бугарите го убиле Јане Сандански во 1915 година, неговите следбеници побегнале од пиринскиот регион за да си ги спасат главите, а подоцна се регрупирале во Серес за да го формираат “Серскиот револуционерен совет”. Откако го перцепирал поттикот за обединување на Јужните Словени против централните сили, Советот издал една “Декларација за автономност” во октомври 1918 година, во која тој апелирал за членство во една балканска федерација врз основа на македонски територијален интегритет.

Оваа молба на крај била одбиена од владејачките клики на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, кое подоцна станало познато како Југославија.” “Залагајќи се за политичка и економска хегемонија над Балканот, балканскиот национализам ги фрлил балканските народи и држави во длабоки контрадикции и конфликти кои морале да започнат со војна и да завршат со војна и секогаш војна”. (Стр. 158- 159, Радин, “ВМРО и македонското прашање”).

Уште еднаш македонскиот народ се нашол во центарот на интересирањето да моли за својот случај, но уште еднаш му бил забранет влез, уште еднаш бил исклучен. Уште колку други војни мора да бидат водени и уште колку многу крв мора да биде пролеана за светот да сфати дека нема крај на балканските конфликти без вклучување на македонскиот народ во решавањето на македонското прашање?


BULGARIA
YUGOSLAVIA
Edirne
Istanbul
ALBANIA
Salonika
MACEDONIA
TURKEY
EPIRUS
Trikkala
Larisa
Volos
THESSALY
Arta
Izmir
Ionian Islands
Athens
Dodecanese Islands
Crete
1832 London Convention
1864 ceded by UK
1881 ceded by Turkey
1913 Treaty of Bucharest
1920 Treaty of Sèvres
1923 Treaty of Lausanne
1947 ceded by Italy


ЕДИНСТВО И СИЛА
ВМРО





**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**